

**ПРЕСПА ВО ДЕЛАТА НА СЛАВЕ КАТИН**

На местото на денешното убаво Преспанско Езеро, според легендата се простирало широко плодородно поле. Во близината на ридот имало седум кладенчиња, кои никогаш не замрзнувале. Нивните бистри води биле гордост за цела долина. Навечер кладенчињата со чепови (цифуни) се затварале. Во тоа време, две племиња, непрестано војувале за убавата долина. Ќерката на кнезот од едното племе Преспа, била многу убава.

Таа секоја вечер одела под ридот, до кладенчињата, по вода. Еднаш, кај кладенчињата Преспа го видела синот на кнезот од другото племе. Нивните погледи се сретнале. Срцата им затрепериле. Се родила љубов. Оттогаш, младите почнале скришум да се сретнуваат. Една вечер, младиот син на кнезот кој се викал Лабид, ја чекал убавицата недалеку од кладенчињата.

Таа стрчала, неосетно му се приближувала убвата девојка, лесна како срна. Таа стрчала, намерно ги извадила седумте чепа од кладенчињата и водата бликнала на долж и шир по долината... Кога ја видел младичот, со неколку скока ѝ го попречил патот и се нашле лице в лице ... Се фатиле за раце и тргнале кон ридот. Се качиле на врвот. Се прегрнале и паднале во љубовна игра. Шумолењето на водата и љубовната игра ги успала двајцата млади.

Кога се разбудиле, во раните зори, пред нивните очи светнало едно сиво-зеленикаво езеро ... Дотогаш, стражарите на двете племиња ги известиле своите кнезови за покачувањето на нивото на водите и тие, племињата тргнале на пат - едното тргнало на југ, а другото се населувало во полите на Галичица... Лабид ја прегрнал Преспа и бакнувајќи ја, му рекол: *“Сега нема за што да војуваат нашите племиња!“* Младите стапиле во брак, а настанатото езеро, во чест на убавицата се нарекло Преспанското Езеро а населбата околу него го добила името Преспа.

Инаку, Мала Преспа е тесно поврзана со  Преспанското Езеро – еден од бисерите на Македонија, кое е едно од најчистите езера во светот. Големото Преспанско Езеро лежи на надморска височина на околу осумстотини метри и зафаќа површина од околу 270км2. Неговата брегова линија е разгранета во различни форми и со максимална должина од 28, а широчина од 17 км, како и со најголема длабочина од околу педесетина метри кај селото Нивици.

Оваој убав природен резеват им припаѓа на Р. Македонија ( 65 %) на Р. Албанија  (18 %) и на Р. Грција (17 %) Во Езерото постојат два острова Голем Град на територијата на Р. Македонија и Мал Град на албанска територија. Малото Преспанско Езеро (околу 40 км 2 ) и со најголема длабочина од 14м. Во него постојат два острова Ахих и Видринец и двата во грчка терторија. Дотекува од потокот Завир во Мала Преспа.

Птицата пеликан како една од најкрупните птици кои егзистираат на вода, главно во потоплите краишта, во Преспа го има единствено на двете Преспански Езера (големото и малото).





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**